Уп. Бр.08-129/2021

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на МК Ланд СПВ д.о.о. Белград, со регистрирано седиште на Булевар Михаила Пупина 115е, Нов Белград, Белград, Република Србија преку Божидар Милошевиќ, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 29.12.2021 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која **МК Ланд СПВ д.о.о. Белград (MK Land SPV d.o.o. Beograd)**, со регистрирано седиште на Булевар Михаила Пупина 115е, Нов Белград, Белград, Република Србија стекнува заедничка контрола над друштвото **ДОО Миротин Врбас (DOO Mirotin Vrbas)**, со седиште на Ивана Милутиновиќа 33, Врбас, Република Србија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 29.11.2021 година а дополнето на 03.12.2021 година и на 15.12.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од МК Ланд СПВ д.о.о. Белград (MK Land SPV d.o.o. Beograd) со регистрирано седиште на Булевар Михаила Пупина 115е, Нов Белград, Белград,

Република Србија, со која МК Ланд СПВ д.о.о. Белград ќе стекне заедничка контрола над ДОО Миротин Врбас (DOO Mirotin Vrbas) со седиште на Ивана Милутиновиќа 33, Врбас, Република Србија, по пат на купопродажба на удели. Имено, друштвото МК Ланд СПВ д.о.о. Белград ќе стекне 33,33% од уделите во друштвото ДОО Миротин Врбас и заедно со постојните сопственици на удели МПЗ Аграр Д.о.о., Нови Сад, Република Србија и физичкото лице З.П. од Република Србија, ќе учествува во вршење на заедничка контрола над друштвото ДОО Миротин Врбас.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**МК Ланд СПВ д.о.о. Белград** е друштво во состав на МК Групата, која е под контрола на господин Миодраг Костиќ („МК Група"). Во составот на МК Групата се наоѓаат повеќе од 40 поврзани претпријатија кои работат во Србија и во странство, и кои вработуваат повеќе од 4.000 вработени. Деловната активност на МК Групата како целина, е во основа производство и трговија со земјоделски производи. МК Групата е активна со производство на шеќерна репка, шеќер, пченка, пченица, јачмен, маслодајна репка и други ратарски култури со употреба на најсовремени агротехнички мерки и земјоделска механизација од последна генерација. МК Групата покрај тоа тргува со земјоделски производи, вештачко ѓубриво, пестициди, меркатилни и семенски производи (пченица, пченка, соја...). Дополнително, МК Групата се занимава и со туризам, информациски технологии, како и со банкарски и брокерско-дилерски работи.

МК Групата нема регистрирани зависни друштва во Република Северна Македонија, но остварува приходи од продажба.

**ДОО Миротин Врбас** е основано на 19 август 1992 година во Нови Сад. ДОО Миротин Врбас преку неговите зависни друштва, се бави со производство и продажба на големо на ратарски земјоделски производи (како што се пченица, пченка, јачмен, соја, шеќерна репка, сончоглед), млеко и млечни производи, масла за јадење, масти, одгледување на крави и говеда за гоење, складирање и мелење на земјоделски производи и производство на млински производи, како и производство на електрична енергија од обновливи извори (како што е биогас). Во помал обем, ДОО Миротин Врбас се бави и со слатководни аквакултури (одгледување на шаран за конзумирање) и производство на овошје. Претежната регистрирана дејност е одгледување житни култури (освен ориз), мешункасти растенија и маслодајни семиња.

ДОО Миротин Врбас нема регистрирани зависни друштва во Република Северна

Македонија, но остварува приходи од продажба.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**